**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Шовкет Хазари, државен советник<br>Зоран Николовски, раководител на Сектор<br>e- mail sovket.hazari@economy.gov.mk<br>zoran.nikolovski@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Јуни, 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ Директиви: | НЕ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронски регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

-нееднаков третман на вршителите на угостителската дејност, со вршителите на трговската дејност, во делот пријавување на исполнувањето минимално-технички услови, до надлежните органи (Државниот пазарен инспекторат и градоначалникот на општината),
-несоодветно промовирање на традиционалните кулинарски обележја на Република Македонија, и тоа особено при организирани посети на странски туристи во земјава,
-недоволна афирмација на подрачјата на старите градски јадра, со закон прогласени за културно наследство од особено значење,
-несоодветни услови за развој на руралниот туризам во Република Македонија, пред се од аспект на стандардите и квалитетот на услугата,
-одолговлекување на постапката по констатиран прекршок, од страна на сторителите на прекршокот, поради користење на едукацијата во случај сторени одредени прекршоци, како законска обврска пред да биде изречена соодветна прекршочна мерка т.е. глоба,
-недоволна заштита на правата на потрошувачите и

-стагнирање на стапката на вработеност во секторот угостителство.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Како основни решенија, дел од регулаторните мерки се предлага:
I решение (опција)
Да се задржи постојното решение во Законот за угостителска дејност, кое предвидува:

-од аспект промовирање на традиционалните кулинарски обележја на Република Македонија, да остане актуелнава класификација на четири типа угостителските објекти за исхрана, во кои можат да бидат понудени најразлични јадења (како домашни-традицинонални, така и интернационални) во зависност од потребите и вкусовите на потрошувачите. Во овие одредби не е предвиден посебен тип угостителски објект, во кој би се служело исклучиво македонска национална кујна.
-од аспект афирмација на подрачјата на старите градски јадра, со закон прогласени за културно наследство од особено значење, а со тоа и овозможување посебен третман на угостителските објекти за исхрана кои функционираат на овие подрачја, постојното законско решение не прави дистинкција меѓу подрачјата во кои работат овие објекти.

-од аспект несоодветни услови за развој на руралниот туризам во Република Македонија, пред се во делот на стандардите и квалитетот на услугата, во моментов предвидено е во селските домаќинства да се даваат услуги од страна на физички лица доколку бидат исполнети минимално-техничките услови и условите за категоризација. Категоризацијата на овие објекти ја врши градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на Градот Скопје.
-од аспект одолговлекување на постапката по сторени одредени прекшоци од членот 67-а, членот 68 и членот 69 точка 6 на овој закон, државниот пазарен инспектор, односно овластениот инспектор е должен да понуди постапка за едукацијата, како законска обврска пред да биде изречена соодветна прекршочна мерка т.е. глоба,

II решение (опција)
Да се подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност и тоа во следнава насока:
- проширување на листата на угостителски објекти за исхрана со нов објект македонски национален ресторан-меана, по примерот на Република Словенија, со издавање посебна ознака за овој тип објект, по задолжителната категоризација,
- продолжување на работното време на угостителските објекти за исхрана кои се наоѓаат во подрачјата на старите градски јадра, кои со закон се прогласени

за културно наследство од особено значење, но доколку во ова подрачје нема објекти за домување,
- издавање посебна ознака за куќите, становите и собите за издавање на туристи од страна на физичките лица и селските домаќинства во руралните средини, по спроведувањео на задолжителната категоризација,
- иземање одредени прекршоци од предвидена постапка за едукација, со што се оди на нивно директно санкционирање со изрекување глоба на лице место,
- менување во делот прекршочни одредби и тоа одредби со кои се регулирани прекршоците од прв и втор ранг.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   -Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и приватниот сектор.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   - иницијатвивата од Државниот пазарен инспекторат и Извадок од Нацрт-записникот од 51-вата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.03.2012 година

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   - Нема потреба од дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?

   - Иницијална

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   - Не

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   - Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати во март 2012 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   - Не е предвидено вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   - април 2012 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

   -Човечки ресурси: Секторот за туризам и угостителство, при Министерството за економија.

   -Финансиски ресурси: Во Програмата за развој на туризмот за 2012 година за активност – Измени и дополнувања на законска регулатива која се однесува на туризам и угостителство, обезбедени се 400.000 денари.